# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# од работењето на Пекабеско АД за 2019 година

## 1. Општи податоци

Друштвото за трговија, производство, услуги, шпедиција, увоз-извоз Пекабеско АД основано е и работи во Република Македонија. До средината на месец мај 2003 година Друштвото во правниот промет настапуваше под името ПКБ АД Скопје, а по извршениот упис во трговскиот регистар на промената на името на фирмата настапува под името Пекабеско АД.

Основна дејност што ја обавува Пекабеско АД е неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалоци и тутун.

Пекабеско АД, меѓу другото, е регистриран и за обавување на следните дејности:

- производство, обработка и конзервирање на животинско месо;
- преработка на животинско и живинско месо;
- преработка и конзервирање на риба и производи од риба.

Акциите на Пекабеско АД котираат на задолжителна котација на обични акции на Македонската берза за хартии од вредност.

На ден 31.12.2019 година бројот на вработените во Пекабеско АД изнесуваше 472 лица, а на 31.12.2018 година 482 лица.

Седиштето на Друштвото е на ул.10 бр.44; 1041 Кадино-Илинден.

Лице овластено за застапување е Слободан Кутревски - Управител без ограничувања во внатрешниот и надворешниот трговски промет

## 2. Управување со Финансиски ризик

### Пазарен ризик

Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.
За да се намали изложеноста на девизниот ризик, Друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел истите да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

### Видови финансиски ризик

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на

потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Менаџментот.

**Каматен ризик**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување на доволни количества на готовина, можност за обезбедување на средства за кредитирање на операциите на Друштвото.

Објективната вредност на Вложените средства расположиви-за-продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на Билансот на состојба.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, и истиот го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се значително помали од краткорочните, и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Ризик од промена на цените**

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиски средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположиви-за-продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

За вреднување на Вложувањата кои котираат на официјалниот пазар, се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност во иста или слична групација во која дејствува субјектот. Проценките на Друштвото се базираат на искуството и останатите фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3. Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци и софтвер). Инвестициите во основни средства како и во претходните години се реализираат со несмалено темпо и за тековната година изнесуваат 65 мил.мкд. Главните инвестиции се во набавка на опрема во производство, фотоволтаична централа со јачина од 512kw и возила за транспорт на стока.

## 4. Политика на Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивидени се додека истата не се ратификува на Годишното собрание на акционери

Друштвото во 2019 година нема исплатено дивиденди

## 5. Финансирање - Кредити

Друштвото користи кредити за финансирање на оперативните активности во вид на револвинг кредит и исто така користи и долгорочни кредити за развивање на основната

дејност. Во 2019 година долгорочната задолженост е намалена за 6,5% и изнесува 393 мил мкд., додека краткорочната задолженост е во износ од 1 мил.мкд. и е пониска за 98,9% во однос на 2018 год

## 6. Големи зделки

Според законот за трговски друштва, Пекабеско ад во 2019 година нема склучено големи зделки. На 28.02 и 05.03 согласно правилата за котација објавени се ценовно чуствителни информации за користење на рамковен револвинг кредит на износ од 15 мил ЕУР со заложно право во НЛБ Банка АД Скопје

## 7. Односи со поврзани субјекти

Пекабеско АД поседува 2 поврзани субјекти. Еден е во Македонија - Тимко лаб ДООЕЛ и Пекабеско ДОО Рашка во Србија. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени. Подружниците се во 100% сопственост на Пекабеско АД
Во 2019 нема капитална транскација помеѓу поврзаните субјекти

## 8. Акционерски капитал

Акционерската главнина на Пекабеско АД се состои од 32.450 обични акции со книговодствена вредност од 90.535.500 денари. Номиналната вредност на една акција изнесува 46,00 ЕУР. Друштвото во изминативе години има откупено 2.375 сопствени акции односно 7,3% од вкупниот број на обични акции

Во текот на 2019 година друштвото нема откупено сопствени акции

Остварена добивка по акција е во износ од 3.475 ден што е за 7,7% помала од истата во 2018 год.

## 9. Надоместоци на раководството

Износот на бруто примањата на одборот на директори од остварување на нивната функција во Пекабеско АД за 2019 година изнесува 16.869.852 а во 2018 година биле исплатени 11.107.766 ден.

Поодделно секој член на одборот на директори добил:

Слободан Кутревски - Прв извршен директор - 1.280.924

Анатол Кутревски - Втор извршен директор - 5.581.722

Марко Кутревски - Директор на Цигари - 5.544.954

Миле Бановиќ - Директор на производство - 2.551.887

Славчо Шушлевски - Директор на продажба - 1.910.365

Членовите на Одборот на директори на Пекабеско АД не остваруваат примања во други односно не членуваат во органи на управување на други друшта.

Членовите на Одборот на директори на Пекабеско АД немаат засновано работен однос кај други работодавачи

## 10. Приходи и расходи

Уште една успешна година од работењето и постоењето на Пекабеско АД Скопје и 2019 год повторно ќе остане запаметена како година во која Пекабеско АД Скопје ја оствари својата најголема реализација од своето постоење ( 1979г) па до денес

Имено, во 2019 год друштвото остварило вкупни приходи од редовно работење во износ од 5.046 мил.мкд што преставува пораст во однос на 2018 год за 5,4%. При тоа со ова ниво на тековни приходи остварени се вкупни расходи во износ од 4.939 мил.мкд кои исто така како и приходите се поголеми од истите во 2018 год за 6,4%.

Како резултат на ваквото работење остварена е чиста добивка во износ од 110 мил. мкд. Остварената добивка е помала од онаа во 2018 год за 7,7% што е резултат пред се на зголемена цена на увезеното свинско месо кое се користи како суровина во процесот на производство.

Во вкупните приходи значајно за одбележување е зголемувањето на приходите од извоз како што може да се види од табелата подолу.

Приходи од продажба - Пазари

| | 2019 | 2018 | 19/18 |
|---|---|---|---|
| Домашен Пазар | 4.323.358.748 | 4.152.545.758 | 4,1% |
| СтранскиПазар | 655.789.697 | 578.970.637 | 13,3% |
| **Вкупно** | **4.979.148.445** | **4.731.516.395** | **5,2%** |

Во наредната табела прикажани се приходите по видови

Приходи од работење по видови

| | 2019 | 2018 | 19/18 |
|---|---|---|---|
| Готов п-од и Трг.стока | 4.996.424.235 | 4.731.516.395 | 5,6% |
| Останати приходи | 50.032.077 | 57.165.036 | -12,5% |
| Финансиски приходи | 5.797.875 | 6.806.094 | -14,8% |
| **Вкупно** | **5.052.254.187** | **4.795.487.525** | **5,4%** |

Овие приходи и расходи остварени се со 486 вработени (просек) што е за 18 повеќе од просекот во 2018 год.

Подолу се презентирани позначајните економски показатели кои произлегуваат и ја покажуваат успешноста на работењето на друштвото.

| | |
|---|---|
| Бруто профитна маржа | 12,6% |
| Нето профитна маржа | 2,2% |
| Поврат на капиталот-(ROE) | 10,0% |
| Тековна ликвидност | 1,6 |
| Брза ликвидност | 1,1 |
| Капитал/ВК С-ва (Актива) | 0,51 |
| Обрт на залихи | 12 пати |
| Денови на обрт на залихи | 31 ден |
| Обрт на побарувања | 14 пати |
| Денови на обрт на побарувања | 27 дена |
| Период на конвертирање | 58 ден |

Резултати и показатели се остварени со следниве средства и обврски:

| | |
|---|---|
| Актива | 2.160.411.934 |
| Долгорочни с-ва | 1.065.302.891 |
| Обртни | 1.095.109.043 |
| Пасива | 2.160.411.934 |
| Капитал | 1.099.835.016 |
| Обврски | 1.060.576.918 |

**Пекабеско ад**